Почитувани,

Најнапред срекна нова 2020 година и сите празници.
Во врска со„Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017г. до првата половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ“
иако можеби има и други коментари сепак би се задржала на предфинансирањето на некои институции кои го практикуваат, а некои институции не, нашиот предлог по тој основ би бил да се предложи да сепак постои сума која ќе им се додели на ГО како предфинансирање и тоа да биде не како усна практика туку може и како пишан документ кој би се доставил до сите институции кои објавуваат повици.
Второ институциите да ги почитуваат договорите кои ги склучуваат со ГО, т.е. почитувањето на членовите од Договорот да биде двострано, пред се мислам на покривање на сумата која е определена од институцијата до ГО за тој повик.Да не се случи како што е вообичаена практика да институцијата кој објавува повик потпишува Договор за тој повик, ГО треба до одредена дата која е пропишана со определен член во Договорот да го спроведе, а институцијата не префрла средства за таа намена .
Во тој контекст сметам треба да има некоја обврзувачка клаузула во Договорите кои се потпишуваат помеѓу ГО и Институцијата, за Институцијата која го објавува повикот со рок до кој ќе се префрлат средствата, и ако средствата не се префрлат до таа дата ГО има право да не ги спроведе активностите од повикот се додека институцијата не ги префрли средствата наменети за тој повик.(ова во пракса е секојдневно, и навистина е потценувачки некогаш за мали средства да не се префрлат на ГО).
Можеби да се размисли да има некој буџет или на Општинско ниво или од буџетот на Влада на РСМ да на почетокот на годината се доделат средства на сите ГО кои делуваат во таа Општина за некои основни потреби еднакво за сите , затоа што обично ГО се финансираат од членарина која некогаш и не е доволна за некои основни активности.

Можеби кога ќе има расправа со сите ГО ќе имаме и некој друг предлог .
Ви благодарам на разбирањето.
Со почит,
Слаѓана Стаменкова
ЕКОЗВОН, Скопје
070268889
ekozvonce@yahoo.com
www.ekozonce.blogspot.com